ОПШТИНА
КРАТОВО

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ



# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

## ОПШТИНА КРАТОВО



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сè што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нè враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек“. Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.

За Твоето место.

За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,
Христијан Мицкоски

Почитувани сограѓани,

Јас, Тодорче Николовски, актуелен градоначалник на Општина Кратово од редовите на Социјалистичката партија на Македонија, изразувам благодарност затоа што повторно ја добив довербата и поддршката дадена од ВМРО-ДПМНЕ и СПМ да влезам во трка за втор мандат за градоначалник. Тоа е доказ за вербата во мојата работа и најголемата потврда дека сите заедно со вас сме на вистинскиот пат.

Во изминатиот мандат вложив многу труд, енергија и посветеност за да изградиме подобра, поуспешна, поубава општина и да ги подобриме условите за живеење и резултатите се видливи и мерливи и не можат да се поречат. Меѓутоа, пред нас стојат уште многу предизвици, започнати активности и проекти што ќе значат подобар живот за сите нас.

Како досега, така и понатаму верувам дека со уште поголема посветеност, искреност, чесност и одговорност ќе продолжам да работам за доброто на нашата заедница, ќе продолжам да бидам во секојдневна и директна комуникација со граѓаните, ќе продолжам да бидам пријател и другар како и што бев, јас живеам и ќе останам да живеам со вас, со предизвиците, со проблемите, со очекувањата, со радостите.

Повторно нудиме богата програма со остварливи проекти за кои во најголем дел е обезбедена техничка документација, а од чија реализација ќе се поттикне развој, ќе се разубави нашето гратче и ќе се создадат нови можности за подобар живот за секој од нас.

Нудиме проекти со кои ќе се решаваат проблемите во линиската инфраструктура, комуналните работи, урбанизмот, животната средина и сообраќајот. Ќе работиме на подобра инфраструктура и достапност, уредени улици, осветлување, чисти јавни простори и почиста животна средина.

Ќе продолжиме и понатаму со развој на туризмот каде бележиме рекорди и ќе дадеме поттик на локалниот економски развој, промоција на нашето културно наследство, природните локалитети и убавини, поддршка на локалните бизниси и занаети со цел отворање на нови работни места.

Инвестициите во образованието, културата, спортот и социјалната заштита исто така ќе бидат во нашите приоритети. Покрај веќе реализираните активности, сега ќе се потрудиме да влијаеме и на квалитетот на образованието преку нови наставни методи, дигитални алатки и современи пристапи во наставата, стимулации и награди за креативни и успешни наставници и ученици, соработка со локални компании за практична настава. Ќе продолжиме и со инвестиции во спортот

каде ќе бидете сведоци на нови и реконструирани спортски објекти и простори.

Со бројните културни збиднувања и манифестацијата „Златни денови“ станавме препознатливи во Регионот, но ќе се залагаме за организирање на културен календар со програми и настани во текот на целата година. Ќе работиме на подобрување и на животот во селските и рурални средини, а особено внимание ќе посветиме на економијата, инвестициите и туризмот.

Драги кратовчани и кратовчанки, верувам во нашата заедничка сила. Верувам дека заедно можеме да изградиме град со кој ќе се гордееме, град што ќе им нуди иднина на младите, грижа за семејствата и достоен живот на постарите.

Со почит,<br>
Тодорче Николовски,<br>
кандидат за градоначалник на<br>
Општина Кратово

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Љупчо Спиров – Носител на листа
2. Андреја Постоловски
3. Даниела Тодосовска Митевска
4. Емилија Иванова
5. Матеј Радевски
6. Влатко Начковски
7. Александра Крстевска
8. Горан Цветковски
9. Борче Симоновски
10. Ивана Марковска
11. Јана Зафировска



# ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНАТА

## 1. Реконструкција на стара училишна зграда (Стаклара)

Проектот ќе опфаќа реконструкција и адаптација со преземање на зафати како менување на кров, фасада, столарија каде што еден дел ќе биде адаптиран за мултифункциски центар, а друг дел од истата зграда ќе биде наменет за сместувачки капацитети (апартмани) со кои ќе управува СОУ „Митко Пенџуклиски“ или јавно-приватно партнерство, сето тоа во функција на четирисезонски туризам.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината и други извори на финансирање

## 2. Изградба на линиска инфраструктура – канализациски колектор и уредување (регулација) на дел од Манцева и Кратовска Река во вкупна должина од 520 метри

Уредување на речното корито и колекторски систем за фекални води како и изведба на пешачка патека од левата страна на речното корито на Кратовска Река. Со овој значаен проект за кој неодамна е изработена целосна техничка документација ќе се доврши првата фаза од уредување на речното корито и заштита на животната средина.

**Извор на финансирање:** Министерство за животна средина и просторно планирање, Буџет на Општината и други извори на финансирање.

## 3. Изградба на рекреативен градски парк

Проектот ќе предвидува изградба на функционален градски парк во „Карши Бавча“, кој ќе обезбеди простор за рекреација, социјализација и културни активности за жителите и посетителите на Општината. Паркот ќе биде изграден на површина што ја дозволуваат просторните можности со цел подобрување на квалитетот на урбаниот живот, поттикнување на здрави навики на граѓаните преку спорт, рекреација, развивање туристичка актрактивност и еколошка свест.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината и други извори на финансирање.

## 4. Решавање на проблемот со чиста вода за пиење во селските средини

Овој проект ќе се реализира во две фази

I фаза: Привршување на веќе започнатата урбанистичко-планска документација за Црн Врв, каде што веќе е изработен урбанистички проект и отпочнување на урбанис-

тичко-планска документација за с. Приковци.

II фаза: Изградба и пуштање во работа на филтерски станици и таложници со соодветен капацитет за таложење и пречистување на водата во класа погодна за вода за пиење во повеќе села, што е од големо значење за подобрување на здравјето и квалитетот на живот на месното население.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината и други извори на финансирање.

## 5. Изработка на техничка документација, конзервација и ревитализација на Горни Амам

Потребна е итна интервенција за спречување на распаѓањето на Горни Амам, кој претставува културно наследство заштитено со закон, еден архитектонски автентичен објект којшто е едно од обележјата на градот и привлекува туристи.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината, меѓународни донатори и фондации.



# МОДЕРНА ОПШТИНСКА ИНФРАСТРУКТУРА

## 1. Проект за реконструкција на линиски инфраструктурни објекти за улица „Михајло Апостолски“ и дел од улиците: „Ѓорѓи Какашевски“, „3-та Македонска ударна бригада“, „Првомајска“, „11 Октомври“, „Орце Николов“, „Митко Димитров“, „Царка Андреевска“, „Лисец“ и „Буковец“.

- Преку реализација на овој проект ќе се придонесе за подобрување на патната инфраструктура и зголемена безбедност на сите учесници во сообраќајот. Градежните активности во овој проект опфаќаат: комплетно вадење на стариот асфалтен слој, тампонирање со соодветна збиеност, вградување нов асфалтен слој, изградба на тротоари каде што ќе има можност, поставување на заштитни огради, хоризонтална и вертикална сигнализација и др.
- **Извор на финансирање:** Светска банка.

## 2. Проект за реконструкција на линиски инфраструктурен објект – улици: „6-ти Септември“, „Крсте Мисирков“, „Мирче Ацев“, „Цветан Димов“, „Злетовска“, „Карпошово востание“, „Осоговска улица“.

- Реконструкција на горенаведените улици од „Зорле Маало“ со вадење на стариот и вградување на комплетно нов асфалтен слој, нивелирање на шахти и санација на сливници и решетки за зафаќање на води.
- **Извор на финансирање:** Министерство за транспорт.

## 3. Проект за реконструкција на линиски инфраструктурен објект - локален пат од К.О. Близанци кон К.О. Мушково

- Целосна реконструкција на дел од патот кон планинските села во должина од 2.6 км, продолжеток на веќе реализираните 3.5 км до село Близанци.
- **Извор на финансирање:** Министерство за транспорт.

## 4. Основен проект за изградба на ул.„Кочо Рацин“

- Реализација на нова улица со изградба на потпорен ѕид, вградување рабници и нов асфалтен слој.
- **Извор на финансирање:** Министерство за транспорт.

## 5. Проект за реконструкција на линиски инфраструктурен објект – дел од ул. „Никола Тесла“

- Реконструкција на дотраениот горен слој на ул. „Никола Тесла“ и замена со нов асфалтен слој.
- **Извор на финансирање:** Министерство за транспорт.

## 6. Урбано обликување на ул. „Гоце Делчев“

- Реализација на неодамна изработениот урбанистички проект, што ќе значи модерно обликување на дел од централното градско подрачје на ул. „Гоце Делчев“ на потегот помеѓу Чаршиски и Грофчански мост со уредување на пешачка патека и хортикултурно и партерно уредување.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.

## 7. Асфалтирање на патот од с. Близанци до с. Добрево

- Асфалтирање на веќе трасираниот земјен пат кон село Добрево, кој се наоѓа на територија на двете општини Кратово и Пробиштип со што значително ќе се подобри патната врска помеѓу овие две општини и поврзувањето со Лесновскиот манастир.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.

## 8. Реконструкција на улици и сокаци во рамките на активности за употребливост на градби на повеќе локации и маала во градот.

- Предвидена е реконструкција, поправка и доизградба на локални сокаци и улици со поставување на калдрма, плочи или павер-елементи на следниве улици:
    - 8.1. Реконструкција на улицата „Јове Гичев“
    - 8.2. Реконструкција на три крака од улицата „Скопска“
    - 8.3. Реконструкција на дел од улицата „Тошо Куковски“
    - 8.4. Реконструкција на дел од улицата „Страхил Досев“
    - 8.5. Реконструкција на улицата „Браќа Миладинови“
    - 8.6. Реконструкција на улицата „Христијан Тодоровски Карпош“
    - 8.7. Реконструкција на улицата „Глигор Пазавански“
    - 8.8. Изградба на тротоар на улицата „Гоце Делчев“
    - 8.9. Изградба на потпорен ѕид на улицата „Иван Андреев“
    - 8.10. Изградба на плоштадка кај трите згради
    - 8.11. Реконструкција на улицата „Даме Груев“
    - 8.12. Реконструкција на крак од улицата „Тошо Куковски“
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината

### 9. Изградба на крак од улицата „Вера Јоциќ“

- Реализација на нова улица за која е изготвен најголем дел од техничка документација каде останува да се заврши уште процесот на експропријација.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината

### 10. Рехабилитација на регионалниот пат Р1205, Страцин – Кратово

- Во соработка со ЈПДП, ќе се изврши рехабилитација на регионалниот пат Страцин – Кратово, што ќе придонесе за подобрување на безбедноста во сообраќајот, олеснување на пристапот до Кратово и зголемување на квалитетот на живот на локалното население.
- **Извор на финансирање:** ЈПДП

### 11. Изградба на велосипедска и пешачка патека од населбата Вршник до местото викано Сланушка во должина од 1.5 км

- Изградба на велосипедска и пешачка патека во должина од 1.5 км, обележување, поставување на патокази и информативни табли за спорт и рекреација наменети за сите граѓани, со што ќе се овозможи и промоција на оваа туристичка област во с. Шлегово.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината

## СЕЛСКИ СРЕДИНИ

### 12. Реконструкција на регионалниот пат Р2247 Туралево – Секулица

- Подобрување на патната инфраструктура, со што значително ќе се унапреди патната инфраструктура и комуникација помеѓу градот и селата во Општината Кратово.
- **Извор на финансирање:** ЈПДП.

### 13. Реконструкција на локален пат во село Вакуф (Ценевци)

- Асфалтирањето на овој локален пат ќе овозможи полесна комуникација на жителите од маалата во село Вакуф.
- **Извор на финансирање:** Министерство за транспорт и Буџет на Општината.

## 14. Реконструкција на локален пат во с. Сакулица (маало Радевци)

- Поврзување на маалата со асфалтен локален пат во с. Сакулица што ќе овозможи полесно функционирање и извршување на обврските на тамошните жители.
- **Извор на финансирање:** Биро за регионален развој и Буџет на Општината.

## 15. Асфалтирање на локален пат Мушково – Старо Мушково

- Асфалтирање на потегот на патот од Мушково кон Старо Мушково за што е нарачана постапка за Урбанистички проект за инфраструктура и спроведување на експропријација.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината и други извори на финансирање.

## 16. Реконструкција на локален пат во село Куклица

- За овој проект изготвена е целосна техничка документација и издадено е одобрение за градба.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината, Биро за регионален развој и други извори на финансирање.

## 17. Изградба на локален пат во село Филиповци (Тупанџици, Дулумци, Јашковци)

- Патниот правец што е предмет на оваа инвестиција, како јавен пат е веќе истампониран, ќе се продолжи со втората фаза на подготовка на техничка документација и издавање на одобрение за асфалтирање.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината

## 18. Тампонирање на дел од локален пат во село Приковци во должина од 1.5 километар

- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината, Биро за регионален развој

## 19. Пробивање, проширување и тампонирање на земјени локални патишта во селските средини

- Со оваа активност се овозможува полесен пристап до земјоделски земјишта, пасишта и имоти на тамошното население.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината.



# ОДРЖЛИВ УРБАН РАЗВОЈ

## 1. Изработена целосна урбанистичко-планска документација за градежно земјиште за изградба на станбена зграда во Царина Маала.

- Дефицитот на станбен простор во Општината Кратово ја наложува потребата од барање инвеститор за изградба на станбен и деловен простор за да можат млади брачни парови да го решат своето станбено прашање и да обезбедат дом по пристапни цени.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општината

# ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА

## 1. Креирање на зона за мало стопанство и занаетчиска индустрија

Отпочнување постапка за креирање зона за мало стопанство и занаетчиска индустрија каде потенцијални домашни и странски инвеститори ќе имаат можност да купат градежна парцела за градба на капацитет за развивање на нови и постојни бизниси. Зоната ќе биде лоцирана во близина на с. Живалево каде што е веќе обезбеден дистрибутивен систем за природен гас.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината и други извори на финансирање

## 2. Привлекување странски инвестиции

Преземање активности за привлекување странски инвеститори кои би инвестирале во одредена дејност во веќе формираната индустриска зона во селото Туралево, што би значело креирање нови работни места.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината и други извори на финансирање.

## 3. Поддршка на млади занаетчии

Поддршка и промоција на млади занаетчии преку обезбедување бесплатен простор и услови за продажба и промоција на своите изработки – ракотворби.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината.



# ИНВЕСТИРАМЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ВО МЛАДИТЕ ВО НАШАТА ОПШТИНА

### 1. Доградба на училници и сантирани јазли со цел овозможување услови за едносменска настава во ООУ „Кочо Рацин“ Кратово

Во соработка со Министерството за образование и наука ќе се пристапи кон доградба на училници и санитарни јазли и на овој начин ќе се создадат услови за едносменска настава во училиштето.

**Извор на финансирање:** Министерство за образование и наука.

### 2. Субвенционирање и поддршка на запишани ученици во прва година средно образование

Поттик за продолжување на образованието и намалување на трошоците на родителите и учениците.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината.

### 3. Усогласување на образованието согласно со потребите на пазарот на труд.

Оформување стручни насоки со квалификации согласно со потребите на пазарот на труд. Овие стручни насоки ќе се карактеризираат со зголемен број на практични часови и стажирање во објектите и дејностите коишто најмногу се застапени на територијата на Општината Кратово.

**Извор на финансирање:** Министерство за образование и наука и Буџет на Општината.

### 4. Доделување парична награда за ученици со освоени први места на државни и меѓународни натпревари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината.

### 5. Обезбедување помош и поддршка на запишани првачиња

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината.

# ОПШТИНАТА ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА

## 1. Проект за програма за општини – дигитализација на е- седници на Советот

Ќе воведеме електронски седници на Советот, со целосна дигитализација на подготовката, закажувањето и водењето на седниците. Секој советник ќе има електронски пристап до материјалите, дневниот ред, записниците и можност за учество, гласање и дискусија, без хартија, со можност за онлајн вклучување и целосна електронска евиденција. Секоја одржана седница ќе биде транспарентна, достапна за јавноста и документирана. Паралелно со тоа, ќе воспоставиме електронски Службен гласник на Општината, како официјално дигитално место за објавување на сите донесени одлуки, акти, правилници и јавни информации.

**Извор на финансирање:** Министерство за дигитална трансформација.

## 2. Електронски услуги за граѓаните

Во соработка со Владата и со меѓународни партнери, ќе ги дигитализираме најкористените услуги за граѓаните на општинско ниво. Приоритетни услуги за дигитализација ќе бидат: уверение за даноци, потврда за правен статус на објект (легализација), одобрение за адаптација / доградба / надградба, аплицирање за социјални услуги / субвенции, согласност за приклучоци (вода, струја, канализација и сл.), извод од Детален урбанистички план (ДУП), согласност за користење на јавни и зелени површини и еднократна помош за новороденче/дете.

**Извор на финансирање:** Министерство за дигитална трансформацијата

## 2. Завршување на отпочнат проект за две бесплатни зони со безжичен Интернет обезбедувајќи им на жителите и посетителите бесплатен и квалитетен пристап до Интернет.

**Извор на финансирање:** GIZ



# РАЗВОЈ НА СПОРТОТ ЗА ОПШТИНА СО ЗДРАВИ НАВИКИ

## 1. Реконструкција на тениско игралиште

Игралиштето што беше изградено од Агенцијата за млади и спорт, треба да се реконструира, да се сменат заштитната мрежа и реквизитите, со што теренот повторно ќе прерасне во место за спортување, собирање и дружење.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината.

## 2. Реконструкција на спортски терен на м. в. Сланушка

По веќе направената реконструкција на спортскиот терен во с. Туралево ќе се пристапи кон реконструкција и на спортскиот терен во с. Шлегово со промена на нова асфалтна подлога и поставување на соодветни спортски реквизити.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината.

## 3. Изградба на кошаркарски терен на м. в. Мусала

Изградба на целосно ново кошаркарско игралиште што ќе може да го користат сите и ќе биде место за собирање и дружење на младите генерации.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината.

## 4. Финансиска поддршка и логистика за постојни и нови спортски клубови од областа на фудбалот, пинг-понг и други спортски дисциплини

Континуирана поддршка за сите спортски клубови и субвенционирање на голем број спортски настани со цел унапредување на развојот на спортот, одигрување на општински, зонски, регионални и други натпревари.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината.



# ЗЕЛЕНА, ЧИСТА И ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

## 1. Санација и затворање на депонии

Продолжување на активностите околу целосно затворање на главната градска депонија сè со цел спроведување на интегрирано управување со отпад во североисточниот плански регион и ставање во функција на претоварните станици и регионалната депонија.

**Извор на финансирање:** Проект за воспоставување регионален сиситем за управување со отпадот во Источниот и Североисточниот регион.

- 1.1 Расчистување на диви депонии во селата Туралево, Шлегово и Приковци

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината.

## 2. Реконструкција на водовод во с. Тополовиќ

Имплементација на веќе изработена техничка документација за реконструкција на дел од доводот за водоснабдување на Туралево и Тополовиќ во должина од 800 метри.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината.

## 3. Реконструкција и санација на резервоари за вода во селата Шлегово и Страцин

Поради тековни проблеми, пукнатини и понирање на атмосферска вода и слично од дотраеност, ќе се пристапи кон санација на резервоарите за вода во наведените села.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината.

## 4. Пошумување и организирање акции за засадување на зимзелени и листопадни дрвја

Во соработка со ЈП Национални шуми ќе бидат организирани акции за зазеленување и пошумување на нови површини.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината.

## 5. Редовно организирање на еколошки акции

Во насока на заштита на животната средина редовно ќе се организираат доброволни еколошки акции за расчистување на отпад и одржување на здрава и чиста животна средина во населените места во Општината Кратово.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината.



# ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ

## 1.Туристички центар за Кратово

Туристичкиот центар ќе биде место каде посетителите ќе можат да добијат информации за туристички атракции, организирани тури и водичи, промотивни материјали за градот и околината.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината.

## 2. Промоција на туристички локалитети во Општината Кратово

Подобрување на видливоста, достапноста и пристапот до туристичките локалитети преку промоција и реклама на социјалните медиуми, телевизиите и веб-порталите, како и со изготвување на промотивен материјал, поставување информативни табли и знаци.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината.

## 3. Развивање на брендиран туризам

Ќе се имплементираат проекти за развивање на брендиран туризам со цел зголемување на сместувачките капацитети и развој на планински, спортски, рурален и други алтернативни форми на туризам.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

# ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИТЕ НАСТАНИ ВО ОПШТИНАТА

## 1. Ставање во функција на објектот Соколана за потребите на КУД „Ефрем Каранов“

Ќе се преземат активности за ставање во функција на руинираниот објект Соколана за потребите на нашето културно уметничко друштво КУД „Ефрем Каранов“ - Кратово.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината и други извори на финансирање.

## 2. „Златни денови“ - Кратово

Фестивал, кој со својата богата музичка програма и настапи на најпознатите музички имиња од македонската и од балканската естрада, прерасна во популарен и препознатлив музички фестивал во Регионот и пошироко.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината.

## 3. Фолклорен фестивал „Разиграно Кратово“

Одржување на годишен настан со богата програма: традиционални песни, ора, кореографии и шарени носии.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината.

## 4. „Денови на Вања Лазарова“

Организирање на годишна манифестација посветена на македонската народна музичка традиција и наследство.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината.



# ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

## 1. Реконструкција и адаптација на капацитет за дневно згрижување и давање на социјална услуга (старечки дом)

Поради фактичката ситуација во Општината Кратово, односно драстично зголемената потреба за згрижување на стари лица, Општината започна постапка за адаптација и реконструкција на постоен објект (капацитет) во сопственост на Општината во старечки дом.

Општината веќе има направено голем дел од техничката документација, основен проект и друга урбанистичко-планска документација, започната е постапка за пренамена на земјиштето, а паралелно со ова, постои и дел од проект и апликација за изградба, проширување, реконструкција и адаптација на капацитети за дневно згрижување и капацитети за давање на социјална услуга. Ќе се разгледа можноста за реализација на овој проект по пат на јавно-приватно партнерство.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината и други извори на финансирање.

## 2. Обезбедување на простор / катче за пензионерите за социјализација и дружење на пензионерите

Преку адаптирање и пренамена на соодветен простор во рамките на „ Соколаната” или простор во друг објект, ќе се обезбеди катче/ клуб за пензионерите каде што истите ќе можат да се дружат и преку друштвени игри и други активнпсти спокојно да ги поминуваат пензионерските години.

## 3. Проект за реконструкција ЈОУДГ „Царка Андреевска“

Проектот опфаќа реконструкција на тераси, промена на кров - кровен покривач, замена на светлечки тела и санација на оштетени плафони и ѕидови и друго.

**Извор на финансирање:** Министерство за социјална политика, демографија и млади

## 4. Логопедски услуги за ранливи категории

Обезбедување пристап до субвенционирани логопедски услуги за ранливи категории со цел подобрување на комуникациските вештини, полесна интеграција во образовниот систем и зголемување на квалитетот на живот.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината.

## 5. Субвенции за лица од ранливи категории

Преку оваа мерка ќе се обезбеди финансиска помош за ранливи категории граѓани што имаат ниски примања, за самохрани родители и за деца без родители.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината.

## 6. Субвенции за секое новородено дете

Оваа мерка опфаќа доделување по 6 000 денари еднократна поддршка за секое новородено дете на територија на Општина Кратово.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината.

# ПРЕДЛОЗИ И ИДЕИ ОД ГРАЃАНИТЕ ЗА ОПШТИНАТА

Општината ќе преземе активности за реализација на следните проекти што беа предложени од страна на граѓаните:

1. Промена на оградата и осветлувањето на Радин мост;
2. Обезбедување на повеќе места за паркирање на повеќе локации во градот;
3. Барање инвеститор за реновирање и ставање во функција на градскиот базен во Кратово.

ВМРО-ДПМНЕ